ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА

# ПОМЕЃУ

# ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

# И

# БИЗНИС КОНФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Јануари, 2017 година

Скопје

**Меморандум за разбирање и соработка**

склучен на ден 31.01.2017 година во Скопје помеѓу:

**1. Центарот за стручно образование и обука – ЦСОО**, со седиште на ул. Бул.„Гоце Делчев“ бр.8, Скопје, претставувано од директорот г-ѓа Ajshe Selmani од една страна

и

**2. Бизнис конфедерација на Македонија**, со седиште на ул. „Васил Ѓоргов“ бр.11, Скопје, претставувано од извршниот претседател г-дин Миле Бошков од друга страна

## 1. ЦЕЛ

Овој Меморандум за разбирање има за цел да воспостави тековна соработка помеѓу Центарот за стручно образование и обука и Бизнис конфедерацијата на Македонија (во понатамошниот текст „вклучени страни“) за ефикасна и координирана соработка во однос на реализацијата на практичната обука на учениците.

ЦСОО и Бизнис конфедерацијата на Македонија, како две независни институции, се согласни да работат заедно со цел подигање на квалитетот на средното стручно образование во државата, имајќи ги предвид позитивните законски прописи со кои се уредува нивната работа.

## 2. ОБВРСКИ НА ВКЛУЧЕНИТЕ СТРАНИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА РАЗБИРАЊЕ И СОРАБОТКА

Вклучените страни се согласни:

- да ги дефинираат процедурите, начините и облиците на заедничката работа и соработка;
- да разменуваат информации и документи од областа на стручното образование и обука и потребите на пазарот на трудот;
- заеднички да подготвуваат документи за одделни компоненти од областа на стручното образование и обука;
- да воспоставуваат рамнотежа помеѓу спротивните приоритети;
- заеднички да планираат активности поврзани со развојот на стручното образование и обука;

- во рамките на соработката да бидат водени од општите принципи на толеранција, одговорност, транспарентност, заемна доверба, почитување на разликите и дијалогот и сл.;

- да се стремат кон одличност, вклучувајќи и ефикасно и ефективно давање услуги на сите нивоа;

- да го охрабруваат и поддржуваат развојот на стручното образование и обука во сите фази и на сите нивоа во неговото проектирање, планирање, програмирање, организација и реализација;

- активно да се ангажираат во размената на информации со сите субјекти кои се заинтересирани за стручното образование и обука;

- меѓусебните недоразбирања и судири да ги решаваат преку конструктивен дијалог и анализа на проблемот;

- преку своите претставници, да делуваат во креирањето и имплементацијата на разни реформи кои имаат директно или индиректно влијание врз развојот на стручното образование и обука;

- да изнаоѓаат начини за презентирање на сите ставови на правилен, односно исправен начин;

- да развиваат заеднички пристапи и стратегии за работа и соработка;

- делотворно да делуваат во интерес на двете страни.

## 3. ОДГОВОРНОСТИ НА ВКЛУЧЕНИТЕ СТРАНИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПОЗИТИВНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

### *3.1 Одговорности на Бизнис конфедерацијата на Македонија:*

- ја поддржува Програмата за работа на ЦСОО;

- поттикнува бизнис претпријатијата и индивидуалните работодавачи да се активираат во системот на стручното образование и во локалните стручни училишта;

- предлага измени и дополнувања на постоечките или предлага нови наставни планови и програми;

- преку своите членки, ги постигнува целите на практичната обука од наставните програми, согласно со предвидениот фонд на часови;

- членките на Конфедерацијата склучуваат договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука;

- членките на Конфедерацијата обезбедуваат надоместок за ученичката работа, во согласност со условите пропишани со договорот;

- членките на Конфедерацијата обезбедуваат заштита при работа, согласно со закон.

***3.2 Одговорности на Центарот за стручно образование и обука:***

- промовирање на промените во системот на стручното образование и обука пред членките на Бизнис конфедерацијата на Македонија;

- вклучува членови од Конфедерацијата во работните групи за изготвување на наставни планови и програми;

- разгледува предлози од Конфедерацијата за измени на наставните програми по практична обука;

- вклучува членови од Конфедерацијата во работните групи при истражување на пазарот на трудот.

## 4. ЗАШТИТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

Вклучените страни се согласуваат дека без претходно писмено одобрение од другата страна, нема да откријат доверливи информации, директно или индиректно поврзани со интересите на двете институции, освен на лица овластени од ЦСОО и Бизнис конфедерацијата на Македонија.

Под доверливи информации се подразбираат: тестови, прашања и сите други податоци и документи со ознака „ доверливи“ што ЦСОО и Бизнис конфедерацијата на Македонија меѓусебно ги споделуваат.

Двете вклучени страни се согласуваат дека обврската за тајност се однесува на неограничен временски период, и истата ќе се применува и по евентуалното раскинување на Меморандумот.

## 5. СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА И РАСКИНУВАЊЕ

Овој Меморандум за разбирање и соработка ќе стапи во сила на денот на неговото потпишување од страна на двете вклучени страни.

Меморандумот се склучува на определно време и е со важност од 10 (десет) години, од денот на неговото потпишување, од страна на овластени потписници. По истекот на овој период, истиот може да се продолжи или обнови по писмен пат и заемен договор.

Секоја вклучена страна може да го раскине овој Меморандум за разбирање и соработка со претходно писмено известување до другата вклучена страна.

Меморандумот по потреба може да се ревидира секоја година со претходно писмено барање за измени и дополнувања до другата вклучена страна.

## 6. ОВЛАСТЕНИ ПОТПИСНИЦИ И ПРЕТСТАВНИЦИ

Овластени потписници на овој Меморандум се директорите на институциите или вршителите на должност.

Секоја од вклучените страни, со писмено известување до другата страна, назначува свои претставници од редот на вработените, овластени да ја претставуваат институцијата при реализирање на обврските кои произлегуваат од овој Меморандум.

## 7. ЈАЗИК И ПРИМЕРОЦИ

Меморандумот за разбирање и соработка е подготвен на македонски јазик во четири (4) еднакви примероци, од кои по два (2) за секоја вклучена страна.

## 8. СОГЛАСНОСТ

Долупотпишаните страни се согласуваат со содржината на овој Меморандум за разбирање и соработка и се согласуваат доследно да се придржуваат до неговата содржина.

**ПОТПИСНИЦИ :**

**Центар за стручно образование и обука:**

______________________

Ajshe Selmani
Директор, ЦСОО

**Бизнис конфедерација на работодавачи:**

______________________

Миле Бошков
Извршен претседател,
Бизнис конфедерација на Македонија